Врз основа на Член 46, Став (9) и Член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и Член 24, Став (1), Точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров, бр. 18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

## Јавна анкета и Јавна презентација

на Локална урбанистичко – планска документација со намена Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтажни ќелии) со јачина до 1 MW, за дел од КП 393/1, КО Орман-вон г.р., Општина Ѓорче Петров,

Планскиот опфат на **ЛУПД со намена Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтажни ќелии) со јачина до 1 MW, за дел од КП 393/1, КО Орман-вон г.р., Општина Ѓорче Петров** се наоѓа во северниот дел на Општина Ѓорче Петров, на југо-запад надвор од село Орман.

Границите на планскиот опфат се следни:

- На север поминува низ дел од КП 393/1 КО Орман-вгр;
- На исток поминува низ дел од КП 393/1 КО Орман-вгр;
- На југ поминува низ дел од КП 393/1 КО Орман-вгр – покрај постоен пристапен пат;
- На запад поминува низ дел од КП 393/1 КО Орман-вгр.

Прекршни точки на планскиот опфат се:

1. X=7529381,148 Y=4657465,028
2. X=7529381,030 Y=4657465,456
3. X=7529376,320 Y=4657465,989
4. X=7529372,103 Y=4657470,097
5. X=7529367,528 Y=4657475,512
6. X=7529356,807 Y=4657482,260
7. X=7529345,018 Y=4657492,612
8. X=7529331,125 Y=4657514,601
9. X=7529325,801 Y=4657521,765
10. X=7529323,218 Y=4657525,242
11. X=7529358,435 Y=4657534,352
12. X=7529376,306 Y=4657670,891
13. X=7529333,450 Y=4657749,574
14. X=7529414,859 Y=4657771,444
15. X=7529467,057 Y=4657625,254
16. X=7529456,849 Y=4657490,018
17. X=7529448,151 Y=4657487,739
18. X=7529451,304 Y=4657475,003
19. X=7529452,610 Y=4657470,510
20. X=7529412,540 Y=4657472,666
21. X=7529414,295 Y=4657465,578
22. X=7529401,833 Y=4657466,372
23. X=7529390,195 Y=4657467,520

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на планскиот опфат изнесува **27.638,60 m²** (**2,76 ha**).

- Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од **05.10.2020** год. до **09.10.2020** год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација Локалната урбанистичко – планска документација со намена Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтажни ќелии) со јачина до 1 MW, за дел од КП 393/1, КО Орман-вон г.р., Општина Ѓорче Петров ќе биде изложена во просториите У.З. Орман, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **05.10.2020** год. во **13:30 часот** во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **05.10.2020** год. во **14:00** часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-Урбанизам или во писмена форма.

Број 03-1553/2

од 25.09, 2020 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · Општина Ѓорче Петров · СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**